20240401067

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Врз основа на член 67 став (2) од Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Националниот совет за медијација донесе

# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА РЕАЛНОНАПРАВЕНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ, ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ ВО СПЕЦИФИЧНИ ОБЛАСТИ, ЛИЦЕНЦИ ЗА ОБУЧУВАЧИ НА МЕДИЈАТОРИ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ

Член 1

Со овој тарифник се определува висината на реално направените трошоци за издавање на Лиценци за медијатори, Лиценци за медијатори во специфични области, Лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори.

Член 2

Висината на реално потребните трошоци за издавање на лиценца за медијатор е во износ од 10.000 денари.

Член 3

Висината на реално потребните трошоци за издавање на лиценца за медијатор во специфични области е во износ од 3.000 денари.

Член 4

Висината на реално потребните трошоци за издавање на лиценца за обучувач на медијатор е во износ од 18.000 денари.

Член 5

Висината на реално потребните трошоци за издавање на акредитација на програма за основна обука за медијатори е во износ од 180.000 денари.

Член 6

Висината на реално потребните трошоци за издавање на акредитација на програма за обука на медијатори во специфични области е во износ од 200.000 денари.

Член 7

Висината на реално потребните трошоци за издавање на акредитација на програма за обука на обучувачи на медијатори е во износ од 220.000 денари.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник, престанува да важи Тарифникот за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори, бр.01-1633/1 од 6.6.2023 година.

Член 9

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Број 20-582/1
5 февруари 2024 година
Скопје

Национален координатор,
д-р **Јелисавета Георгиева Јовевска**, с.р.